**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# ПРЕДЛОГ

# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

**Скопје, февруари 2011 година**

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за туристичка дејност (“*Службен весник на Република Македонија“ бр.* 62/04, 89/08, 12/09 и 17/2011) се уредуваат условите и начинот на вршење тиристичка дејност во Република Македонија.

Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од 210-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 8.02.2011 година, а во врска со “Информацијата за степенот на реализација на заклучоците на Владата во врска со преземените активности за усогласување на материјалните закони на министерствата со Законот за инспекциски надзор“, Министерството за економија е задолжено да подготви и во рок од 10 дена до Владата на Република Македонија да достави предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност, усогласен со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

Министерството за економија постапи по наведениот Изводок и во прилог го доставува текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност, на разгледување и утврдување од страна на Владата на Република Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предложените измени во Законот за туристичка дејност е истиот да се усогласи со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци, како и да се земат во предвид предлозите на државниот пазарен инспекторат во делот разграничување на износите на казните кои што се плаќаат на лице место (мандатни казни), од глобите кои што се изрекуваат од страна на прекршочната комисија.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

Преложените измени на законот ги содржат следните решенија :

- одземање на надлежноста министерот за економија да решава по жалба на решение за привремена забрана за вршење дејност, донесено од државниот пазарен инспектор. Сега, оваа надлежност ќе и биде пренесена на Комисијата за жалби, која што треба да биде формирана при Министерството за економија. Со оваа измена се врши усогласување на пакет закони, во надлежност на министерството за економија, меѓу кои и Законот за туристичка дејност, со одредбите од Законот за инспекциски надзор,

- намалување на износот на глобите кои се изрекуваат на самото место (мандатни казни) на правното лице, на одговорното лице во правните лица и на трговцот поединец, во просек за 35%, во однос на глобите кои што се изрекуваат од страна на прекршочните комисии. Оваа измена е подготвена на предлог на Државниот пазарен инспекторат и

- продолжување на рокот на застареност за поведување прекршочна постапка, од досегашните 12 месеци сега на 18 месеци, со што се врши усогласување со одредбите од Законот за прекршоци.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија и други јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог Законот не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## VI. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Нема поврзаност на измените и дополнувања на Законот за туристичка дејност со регулативи од други правни системи и правото на ЕУ.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија„ бр. 62/04, 89/08, 12/09 и 17/2011), по членот 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

"6-а

Правните и физичките лица во областа на туризмот со цел за унапредување на дејностите можат да се здружуваат во разни форми на здружување согласно со закон."

Член 2

По членот 7, се додава нов член 7-а кој гласи:

"7-а

Во постапката за инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за државен пазарен инспекторат, доколку со овој закон не е поинаку уредено."

Член 3

Во членот 65 ставот 2 се менува и гласи:

"Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби формирана согласно Законот за државен пазарен инспекторат. "

Член 4

Членот 68 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршок на правното лице, ако:

1)не го извести со посебен образец ДПИ и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку 8 дена пред почетокот на вршењето на дејноста (член 9 став 1);

2)на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);

3)назнаката "туристичка агенција", "патничка агенција" и вообичаените изрази какви што се "Тоурс" и "Травел" и слично, во фирмата не ги користат туристичките агенции (член 15 став 1 точка 2);

4)за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат (член 15 став 1 точка 11 );

5)на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата (член 15 став 1 точка 12);

6)не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги (член 15 став 1 точка 13 );

7)на видно место на влезот на туристичкиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 15 став 1 точка 16);

8)при организирање на туристичките патувања, во патничките програми кои вклучуваат спортско-рекреативни, авантуристички и екстремни активности, освен ангажирање туристички водичи, не ангажира и стручно оспособени лица за такви активности (член 19-а);

9)не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56);

10)не ги исполнува пропишаните минимално-технички услови (член 8 став 1);

11)деловниот простор се користи и за друга намена (домување и производство), спротивно на одредбите на членот 10 став 2 на овој закон;

12)на барање на корисникот на услугите не му даде информација во кое својство настапува и колкави се неговите овластувања, ако застапува друга туристичка агенција (член 15 став 1 точка 4);

13)во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи видливо не се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);

14)не се придржува при продажбата и реализацијата на договорот и програмата на туристичкиот аранжман (член 15 став 1);

15)договорот не ги содржи елементите предвидени во членот 16;

16)туристичкиот ваучер не ги содржи елементите предвидени во членот 17 став 3 од овој закон и

17)не ја пријави промената на содржината на лиценцата (член 29).

Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место и на одговорното лице во правното лице, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место на трговец – поединец, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Државниот пазарен инспектор за прекршоците од став 1 на овој член, е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

Член 5

По членот 68 се додава нов член 68-а, кој гласи:

“Член 68-а

Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице, за дејствијата од членот 68 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од членот 68 став 1 од овој закон .

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговецот поединец за дејствијата од членот 68 став 1 од овој закон .

Глобата од овој член се плаќа во случаи кога сторителот на прекршокот на кого му е дадена покана за плаќање на глобата на самото место, во определен рок од 8 дена не ја плати изречената глоба од 800 евра во денарска противвредност за правното лице, односно 100 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице или 200 евра во денарска противвредност на трговец поединец. “

Член 6

Прекршочна постапка по прекршоците предвидени во овој закон не може да се поведе, ниту да се води, ако поминат 18 месеци од денот кога е сторен прекршокот.

Член 7

Одредбите од членовите 1, 3 и 4 ќе отпочнат да се применуваат со отпочнувањето на примената со Законот за инспекциски надзор.

Член 8

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за туристичка дејност.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ**

## I. СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Преложените измени на законот имаат за цел намалување на глобите кои се изрекуваат на самото место (мандатни казни) за сторителите на прекршоците и усогласување со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци, во делот водење на прекршочната постапка.

Со измените се интервенира во делот на надзорот и казнените одредби од текстот на Законот, и тоа:

*со членот 1* се врши номотехничко подобрување на текстот на законот, со тоа што веќепостоечката одредба од членот 7-а која се однесува на здружувањето на правните и физичките лица во областа на туризмот со цел унапредување на дејностите во туризмот, сега се преместува по членот 6, како нов член 6-а,

*со членот 2* се додава нов член со кој што се упатува на супсидијарна примена на Законот за инспекциски надозр и Законот за државен пазарен инспекторат, во постапката за инспекцискиот надзор, во однос на Законот за туристичка дејност,

*со членот 3* се врши усогласување со Законот за инспекциски надзор, во делот на спроведување управна постапка во рамки на Министерството за економија. Имено, се одзема надлежноста на министерот за економија да решава по жалба на решение за привремена забрана за вршење дејност, донесено од државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор. Сега за реализација на оваа надлежност е предвидено да биде формирана Комисија за жалби при Министерството за економија,

*со членот 4* се намалуваат глобите кои се изрекуваат на самото место (мандатни казни) за сторителите на прекршоците и тоа: на правното лице од 1000 евра на 800 евра, на одговорните лица во правните лица од 200 евра на 100 евра и на трговецот-поединец од 300 евра на 200 евра, во денарска противвредност. Оваа интервенција е направена по барање на Државниот пазарен инспекторат од причина што досегашната примена на членот 68 предизвика непотребно одолговлекување на прекршочната постапка, бидејки сторителите на прекршоците одбиваат да ја платат мандатната казна во рок од 8 дена, со што постапката се префрла и се води во рамки на прекршочните комисии, кои изрекуваат еднакви износи на глоба како и инспекцискиот орган, но со таа разлика што водењето на прекршочната постапка може да потрае прилично долго, поради зголемиот обем на работа и предмети во рамки на двете прекршочни комисии на Министерството за економија,

*со членот 5* се врши прецизирање на износот на глобите кои што ги изрекуваат прекршочните комисии, доколку сторителот на прекршокот во случаи кога сторителот на прекршокот на кого му е дадена покана за плаќање на глобата на самото место, во определен рок од 8 дена не ја плати изречената глоба од страна на инспекторот. Износот на глобите кои што ги изрекуваат прекршочните комиси, остануваат непроменети т.е. за правното лице 1000 евра, за одговорните лица во правните лица 200 евра и за трговецот-поединец 300 евра, во денарска противвредност..

*<u>со членот 6</u>* се врши усогласување со Законот за прекршоци, во смисла значително пролонгирање на рокот на застареност при поведување прекршочна постапка. Наместо досегашниот рок од 12 месеци, истиот се зголемува на 18 месеци, сметајќи од денот на извршувањето на прекршокот.

*<u>со членот 7</u>* се укажува дека одредбите од членовите 1, 3 и 4 ќе имаат одложена примена, која што директно ќе зависи од отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за туристичка дејност се предвидува изменување на веќе постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот битно ќе се подобрат условите за вршење угостителска дејност во Република Македонија и зголемување на квалитетот на услугата во секторот угостителство

## IV. ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 65

Ако државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор при вршење на инспекцискиот надзор утврди дека вршителот на туристичката дејност:

1) врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 на овој закон;

2) врши дејност без да е регистриран во трговскиот регистар (член 3 став 1);

3) не склучи договор со корисникот на услугата во која ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 став 1 точка 5);

4) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1);

5) имателот на лиценца ‘А” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 на овој закон;

6) имателот на лиценцата ‘Б”при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 на овој закон и

7) не е регистриран за вршење на туристичка дејност (член 3 став 2 и член 51 став 2), ќе донесе решение за привремена забрана во траење од 30 дена.

Против решението од овој член може во рок од осум дена, од денот на приемот на решението, да се изјави жалба до министерот за економија.

Жалбата изјавена против решението од овој член, не го одлага извршувањето на решението.

Член 68

Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршок на правното лице, ако:

1)не го извести со посебен образец ДПИ и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку 8 дена пред почетокот на вршењето на дејноста (член 9 став 1);

2)на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);

3)назнаката "туристичка агенција", "патничка агенција" и вообичаените изрази какви што се "Тоурс" и "Травел" и слично, во фирмата не ги користат туристичките агенции (член 15 став 1 точка 2);

4)за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат (член 15 став 1 точка 11 );

5)на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата (член 15 став 1 точка 12);

6)не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги (член 15 став 1 точка 13 );

7)на видно место на влезот на туристичкиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 15 став 1 точка 16);

8)при организирање на туристичките патувања, во патничките програми кои вклучуваат спортско-рекреативни, авантуристички и екстремни активности, освен ангажирање туристички водичи, не ангажира и стручно оспособени лица за такви активности (член 19-а);

9)не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56);

10)не ги исполнува пропишаните минимално-технички услови (член 8 став 1);

11)деловниот простор се користи и за друга намена (домување и производство), спротивно на одредбите на членот 10 став 2 на овој закон;

12)на барање на корисникот на услугите не му даде информација во кое својство настапува и колкави се неговите овластувања, ако застапува друга туристичка агенција (член 15 став 1 точка 4);

13)во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи видливо не се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);

14)не се придржува при продажбата и реализацијата на договорот и програмата на туристичкиот аранжман (член 15 став 1);

15)договорот не ги содржи елементите предвидени во членот 16;

16)туристичкиот ваучер не ги содржи елементите предвидени во членот 17 став 3 од овој закон и

17)не ја пријави промената на содржината на лиценцата (член 29).

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место и на одговорното лице во правното лице, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место на трговец – поединец, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Државниот пазарен инспектор за прекршоците од ставот 1 на овој член е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.